ГРАД СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Градоначалник на Град Скопје |
| **Изготвувач:** | Сектор за сообраќај |
| **Претставник:** | Раководител на Сектор за сообраќај |
| **Повереник:** | Представник од Сектор за сообраќај |

**П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А**
за давање на субвенции на ЈП Градски паркинг - Скопје за 2026 година

Скопје, јуни 2026 год.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 8-б од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“, бр.38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18; 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19; 89/22; 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) Советот на Град Скопје на ________ седница, одржана на ______, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на субвенции на ЈП Градски паркинг - Скопје за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Град Скопје му дава субвенции на ЈП Градски паркинг – Скопје, наменети за:

- набавка на нови лифтови во катни гаражи во износ од 6.000.000,00 денари

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедени со Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ____________
__.__.2026 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Даме Димитровски
_________________________

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Правен основ за донесување на оваа Одлука е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје да донесува прописи и член 8-б од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“, бр.38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18; 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) со кој е утврдено Јавните претпријатија основани од Град Скопје да можат да добиваат финансиски поволности на транспарентен начин.

Со оглед дека Град Скопје е сопственик на катните гаражи „26-ти Јули“ и „Беко“, а стопанисува ЈП „Градски паркинг“ – Скопје, средствата се потребни поради значителна амортизација, дотраеност и зголемување на трошоците за тековно одржување на постојната лифтовска опрема на катните гаражи, а како резултат на тоа, предвидено е набавка на нови лифтови. Имено, лифтовите се вградени и се користат од 2013 и 2015 година па оттука повеке од 13 години се изложени на континуирана, секојдневна употреба и влијание од надворешни атмосферски услови, имајќи предвид дека се работи за лифтови од отворен тип чија примена е 24/7 часа. Евидентно е зголемена фреквенција на дефекти и пречки во функционирањето, па постоечката состојба директно влијае врз безбедноста, функционалност и квалитетот на услугите што ги обезбедува ЈП Градски паркинг — Скопје кон граѓаните и корисниците на гаражите, а особено имајки во предвид потребата за непречено користење од лица со попреченост, мајки со деца и повозрасни корисници.

Со реализација на оваа инвестиција сметаме дека ке се подобри безбедноста како и континуирано намалување на трошоците за сервисирање, подобрен квалитет на јавната услуга и продолжување на работниот век на објектот.

Имајки го во предвид јавниот интерес и значење на катните гаражи како и нивното масовно користење, Градот Скопје обезбеди финансиски средства — субвенции за нови лифтови во катни гаражи во износ од 6.000.000,00 денари.

ЈП Градски паркинг се задолжува да даде извештај за наменско искористување на средствата.

Врз основа на погоре наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за субвенционирање на ЈП Градски паркинг – Скопје за 2026 година.